**PhD Drage PETRESKI, PhD Elenior Nikolov, PhD Aleksandar Glavinov**
**drage_petreski@yahoo.com; eleniorn@hotmail.com; aglavinov@yahoo.com;**
**Military academy „General Mihailo Apostolski“ – Skopje**

# CONFLICTS – BETWEEN CHALLENGES AND INTERESTS

**Abstrakt:** On the field of technology, information, transport, trade, finance and public health, globalization has reached a level where, together with all its advantages, there were new kinds of security risks, far different from the present ones (so called conventional risk. Military technology and weapons with its use as one of the risks, the last decades has become easily accessible because of the collapse of the mighty armies of the world, but also due to rampant production and sale of weapons as a result of numerous conflicts in the world. Weapons has become a basic tool used in armed conflicts motivated by the expansion of militant nationalism, ethnic cleansing, ethn ic and religious conflicts, religious fundamentalism, transnational terrorism, drug trafficking, money laundering and more.
**Keywords:** conflictc,challenges, security, military technology, arms.

**д-р Драге ПЕТРЕСКИ, д-р Елениор Николов, д-р Александар Главинов**
**drage_petreski@yahoo.com; eleniorn@hotmail.com; aglavinov@yahoo.com;**
**Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје**

# КОНФЛИКТИТЕ – ПОМЕЃУ ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ

**Резиме:** На полето на технологијата, информациите, транспортот, трговијата, финансиите и јавното здравство, глобализацијата стигна до степен каде заедно со сите нејзини предности, се појавија нови видови на безбедносни ризици поразлични од досега присутните (т.н. конвенционални ризици). Воената технологија и оружјето со нивната употреба претставуваат еден од ризиците во последните декади, лесно се достапни заради распадот на неколку моќни армии во светот, но и поради неконтролираното производство и промет со оружје како резултат на бројните конфликти во светот. Оружјето стана основен инструмент употребуван во вооружените конфликти мотивирани од експанзијата на милитантниот национализам, етничките чистења, етничките и религиозните конфликти, религиозниот фундаментализам, транснационалниот тероризам, трговијата со дрога, перењето пари и друго.
**Клучни зборови:** конфликти, предизвици, безбедност, воена технологија, оружје.

## Вовед

Кога зборуваме за интегрирање на глобален план, всушност мислиме на процес на големо движење на луѓе, материјални добра, информации, идеи и друго преку реалните и виртуеланите граници, односно процеси кои се одвиваат и се шират симултано на различни дестинации во светот без никакви опструкции од значењето и улогата на државните граници. Надминувањето на класичното значење на државните граници треба да се разбере како ирационално, бидејќи тоа не подразбира бришење на границите на државите и нивните култури, туку претставува премостување на тие граници заради овозможување на повисок степен на општествен развој на државите и подобрување на шансите за изразување на индивидуата во новосоздадените услови на средината или заедницата.

Глобализацијата, на земјите лидери во западниот свет им овозможи градење на униполарен свет со неприкосновени права и моќ на една водечка сила, која сама или заедно со елитата составена од најразвиените земји го диктира движењето на транснационалниот капитал.

Доминацијата на развиените земји им овозможува спроведување на доктрината на универзален империјализам и со тоа се придонесува за ограничување на економско-политичкото движење и слобода на останатите земји и настојувањето самостојно да управуваат со сопствениот потенцијал и ресурси.

Во поедини региони и земји постои диспропорција на националните со колективните интереси, и доаѓа до појава на етнички, расни, културни, цивилизациски и други поделби, продлабочување на разликите во општествениот развој и маргинализација на слабите и сиромашните.

### Предизвици и конфликти

Импликациите водени од глобалните промените во сите сфери на живеење донесоа нови предизвици во безбедноста и меѓународните односи и го зголемија бројот на меѓународните кризи. Се верува дека безбедносните предизвици се во согласност со современите глобални движења и претставуваат последица на:

- зголемените разлики во степенот на економски и општествен развој на одредени региони и општества, како и разлики помеѓу богатиот и сиромашниот дел од светот;
- меѓународниот тероризам со сите негови форми на дејствување;
- постојаното загрозување на животната средина како последица на технолошкиот и индустрискиот развој заради остварување на индивидуален и корпоративен профит и заштеди во производството;

- неконтролирано производство и продажба на оружје, вклучувајќи го и оружјето за масовно уништување (нуклеарно, хемиско и биолошко);
- интензивни присилни миграции и азил под притисок на политички и воени конфликти, расни и етнички дискриминации, нетолеранција или политички притисоци на автократски и недемократски режими; и
- разни облици на организиран криминал кои поттикнуваат трајна социјална и политичка нестабилност на државите, а оваа состојба е проследена со општа сиромаштија и ширење на болести кои го загрозуваат целото население.

Кризни состојби овозможуваат непречен развој на трговијата со воена технологија како една од најпрофитните трговските гранки кај технолошко развиените земји. Исто така, трговијата се карактеризира и со можност за политички влијанија од страна на земјите производители на оружје врз конфротираните страни во конфликтите, односно можност за индиректно управување со динамиката на кризната ситуација и друго.

Центарот за Системски мир (CSP) спроведе длабинска анализа на "вооружените конфликти", правејќи дистингција помеѓу традиционалните меѓу-државни војни во однос на "граѓанската војна" која се дефинира како револуционерна и етничка војна.[318]




**Слика 1**. Глобалните трендови на вооружени конфликти, 1946-2010

Како што може да се види на сл.1, од 1950 и после 1980 година, меѓудржавни конфликти, кои ги вклучуваат сите војни за независност од колонијалнијалните системи, биле релативно малку на годишно ниво, додека граѓанските војни биле во подем и драстично се зголемувале.[319] Со крајот на студената војна, меѓудржавните војни се помалку ги имало, до приближно една третина во однос на претходниот период, додека граѓанските војни после достигнувањето на нивниот максимум, почнале да се движат во

[318] Center for Systemic Peace, *Global Conflict Trends. Measuring Systemic Peace*, updated 30 September 2011, http://www.systemicpeace.org/conflict.htm.
[319] Source: Center for Systemic Peace, *Global Conflict Trends*

надолен драматичен тренд. Овој континуитет продолжил до 2010 година, кога сумирањето достигнало големина приближна на нивото како во средината на 1960-те години, иако со помал удел на меѓудржавните конфликти.

Осврнувајќи се на сл.2 и сл.3, меѓудржавните конфликти (вклучително и анти-колонијалните) со бројот на изгубени животи во конфликтите покажуваат значителен пад од средината на минатиот век.[320] Од комбинираниот ефект на двете тенденции имаме пад од 60.000 смртни случаи во 1950-те години, на помалку од 1.000 годишно во првата декада од овој век. Додека вториот корисен дел на информациите добиен од *Human Security Report* (HSR), во соработка со *World Development Report* (WDR), ни дава јасна корелација и поврзаност помеѓу ризикот од вооружен конфликт кои би се случил во рамките на 5-годишен интервал и бруто домашниот производ (GDP-БДП) по глава на жител, прикажано на сл. 6.




**Слика 2**. Просечен број на меѓународни конфликти на годишно ниво, 1950-2008

Имаме постојан пад на бројот на меѓународните конфликти - дефинираните овде ги вклучува меѓудржавните и “extrastate” конфликти низ целиот свет. Extrastate или антиколонијалните конфликти, завршија во 70-тите години на минатиот век.[321]




---

[320] Human Security Report Project, *Human Security Report 2009/2010. The Causes of Peace and the Shrinking Costs of War*, New York and Oxford, Oxford University Press, 2011, http://www.hsrgroup.org/human-security-reports/20092010/text.aspx

[321] Human Security Report Project, *Human Security Report 2009/2010*, p. 22

**Слика 3**. Просечен број на смртни случаи во конфликтите на годишно ниво, за период 1950-2007.

Видливо и далеку од константна имаме намалување на смртноста во вооружените конфликти после Корејската војна. Во 1950-те години, просечно во вооружените конфликти гинеле речиси по 10.000 луѓе годишно, но во новиот милениум просечната бројка на загинати паднала на нешто повеќе од 1.000.[322]

Круцијалните настани за кои се смета дека одиграа важна улога во предизвиците на планетарно ниво се: распадот на блоковската поделба, распадот на неколку моќни држави и армии во светот, заливските војни од 1991 и 2003 година, терористичките акти во Европа после '90-та и во САД од 2001 година, војните и граѓанските немирите во Ирак, Авганистан, Египет, Либија, Тунис, а во овој момент-2013 година во Сирија, Мали и други држави.

Порастот на насилството во некои региони се поврзува со трговијата на воената технологија и со геополитичките интереси на моќните земји, а продажбата на оружјето допринесува за забрзување на ризиците и кризите во нестабилните подрачја.

Разните немири и бунтови како социолошки феномени ја раздвижуваат воената индустрија. Решенијата за барање на извор за набавка на оружје често се во корелација со нелегалната трговија бидејќи статусот на побунетите групи најчесто е нелегитимен во меѓународните односи, а државите во кои се одвиваат немирите и конфликтите се наоѓаат под одреден ниво на меѓународна контрола. Во ситуации, кога се заобиколени регуларните постапки за набавка на воена технологија, контролата станува комплексна и невозможна. Немањето контрола претставува реална закана за националната и меѓународната безбедност, а сето тоа овозможува непречен трансфер на оружјето во нестабилните региони во светот произведено дури и во земји со развиена демократија и силен правен систем.

## Воените трошоци и економијата

Конфликтите од различен карактер се намалуваат според бројот и убиственоста, но се уште постои ризик од продолжување на граѓанските и етничките судири, како што е примерот во Сирија, Нигерија и други земји, исто така спорото но постепеното ширењето на нуклеарното оружје во конкуренција со дефицитот на храна и природните светски ресурси го зголемува ризикот. Показател за зголемениот ризик е трендот на глобалната

[322] Human Security Report Project, *Human Security Report 2009/2010,* p. 121

воена потрошувачка. Како што е наведено во една статија за светските воени трошоци *Global Issues website*[323], во текот на доцните 1980-ти и раните 1990-ти години кумулативниот износ во светот го следат намалувања на непријателствата каде највпечатливо е околу 1985 година. После изминувањето на минатиот век, почнаа повторно да се зголемуваат воените издатоци и успеаа да го надминат од поодамна достигнатиот максимум (сл. 4).




**Слика 4**. Воените трошоци на светско рамниште, 1988-2010

Големите сили за разрешување на конфликтите и враќањето на мирот во одредени региони се иницијатори за распоредување на меѓународни сили, како надомест за залагањето во рамките на градење на постконфликтното општество, но имаат и интерес да продаваат оружје на официјалните власти. Во зависност од финансиските капацитети на поедини земји од одредени региони, тие имаат можност да воспостават економски врски со страните во конфликтот заради остварување профит или профит на транснационалните компании кои ги менаџираат.

Доволно е да се истакне огромниот удел на издатоци на САД во апсолутна смисла, и на Народна Република Кина во однос на годишниот пораст. Но исто така треба да се спомене и за намалувањата на буџетот за одбраната во Европската унија (ЕУ), и трошоците за одбраната во Азија и други.




[323] Anup Shah, "World Military Spending", in *Globalissues.org*, 2 May 2011, http://www.globalissues.org/article/75/world-military-spending.

**Слика 5**. Воените трошоци се сконцентрирани во Северна Америка, Европа и Азија (Shah, 2010)

Историскиот период ставен под опсервација покажува интересна тенденција, колку што економијата е слаба, толку и општеството е со поголеми грижи, и сето тоа со гео-економска промена се одвива во последната деценија на 20 век и почетокот на 21 век. Во процесот на долгорочен раст на економијата прошарано со нестабилности, просперитетот во почетокот беше привилегија на Западот, со Јапонија како свој азиски сојузник, во периодот од 1950 до 1980 година. Светската сцена беше променета од страна на "новите економии", во два дела: прва од страна на Кореја, Сингапур, Тајван и Малезија до азиската финансиска криза од 1997-1999 година; и второ со Кина, Индија и Бразил од почетокот на 21 век.




**Слика 6**. Бруто домашниот производ (GDP-БДП) по глава на жител во сооднос со можниот ризик од вооружен конфликт.

На сл.6 може да ја согледаме поврзаноста помеѓу нивото на економскиот развој и ризикот од вооружен конфликт. Колку посиромашна земја, толку е поголем ризикот.[324]

Приходот по жител покажува нагорна тенденција, покрај постојаното зголемување на глобалната популација. Изгледите за она што се нарекува третиот свет последните неколку децении има позитивни промени, особено во последните години од 2005 до 2010 година половина милион луѓе избегнале апсолутна сиромаштија дефинирана како приход по глава помал од 1,25 $ на ден. Три четвртини од овие луѓе живеат во Кина или Индија, но стапката на сиромаштија во Суб-Сахарска Африка исто така паднала под 50%. Во 2010 година, бројот на оние кои се дефинирани како "сиромашни" паднал под 878 милиони луѓе во целиот свет[325], (Paul Collier "*Bottom*

[324] Human Security Report Project, *Human Security Report 2009/2010*, p. 51

[325] Laurence Chandy and Geoffrey Gertz, "Poverty in Numbers: The Changing State of Global Poverty from 2005 to 2015", in *Global Views*, No. 18 (January 2011), p. 4,

*Billion"*).[326] Тоа значи дека еден од најважните милениумските развојни цели поставени во 2000 година од страна на ОН, е да се преполови глобалната стапка на сиромаштија од 1990 година до 2015 година. Статија од Институтот од Брукинг "*Poverty in Numbers states"*, се вели "никогаш порано толку многу луѓе не се спасиле од сиромаштија за така краток временски период".[327]

Трговската експанзија и либерализацијата на инвестициите како главни двигатели на глобализацијата, допринесоа за импресивен раст во текот на последните две децении. Вредностите на двете компоненти, стоките и услугите може да се видат на сл.7.[328] На сл. 8 може да ги согледаме директните странски инвестиции во земјите во развој кој е очигледно зголемен од почетокот на 1990-те години.[329] Се разбира, ниту трговијата ниту странските директни инвестиции, без оглед на нивниот експоненцијален раст, не обезбедија фер распределба на богатството, но целокупната последица на сето тоа е невиденото зголемување на меѓузависноста помеѓу државите. Овој глобален развој се одвива под водство на западот, а пред се под влијание на САД, и до одреден степен во дефинираните рамки на меѓународните институции формирани во Бретон Вудс на крајот од Втората светска војна. Од тогаш, почнуваат да се појавуваат функционалните групи, како што се Г-20 како потомок на групата Г-7, креација на западот како суштествено битие во текот на 1970-те години, за да се справи со економската нестабилност и да обезбеди потенцијална рамка со надеж за глобално владеење во повеќе сфери.




**Слика 7**. Извоз во светот на стоки и услуги во милијарди американски долари - US $, 1960-2009.

[326] Paul Collier, *The Bottom Billion. Why the Poorest Countries are Failing and What Can Be Done About It*, Oxford, Oxford University Press, 2007.
[327] Laurence Chandy and Geoffrey Gertz, "Poverty in Numbers …", *cit.*, p. 3.
[328] Elaboration of World Bank data
[329] The Human Security Report Project, "Human Security Report 2009/10", *cit.* , p. 29.




**Слика 8**. Странските директни инвестиции во земјите во развој, 1970-2008.

Овој економски процут во голем дел од светот е придружена со метаморфозата на човечкото искуство во заедничка и длабока причинско-последичната врска на многу блиски и меѓусебно поврзани трансформации на три појави кои се од примарно значење: ширењето на образованието и писменоста, еманципацијата на жените особено во текот на последните три децении, и експлозијата на интернетот од почетокот на овој век. Последниот развој е евидентен и прикажан во табела 1, која покажува неверојатно брзо ширење на интернетот од крајот на 2000 до крајот на 2011 година. Со појавата на првата веб страница, имаме рапидно брзо ширење во сферата на комуникациите во 1991 година, а географската оддалеченост на разделените индивидуи и народи изгуби на значење.[330]

**Табела 1**. Број на интернет корисници и население во поедини региони на светот, 2000-2011.

| World Regions | Population (2011 Est.) | Internet Users Dec. 31, 2000 | Internet Users Dec. 31, 2011 | Penetration % Population | % Growth 2000-2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| Africa | 1,037,524,058 | 4,514,400 | **139,875,242** | 13.5 | 2,988.4 |
| Asia | 3,879,740,877 | 114,304,000 | **1,016,799,076** | 26.2 | 789.6 |
| Europe | 816,426,346 | 105,096,093 | **500,723,686** | 61.3 | 376.4 |
| Middle East | 216,258,843 | 3,284,800 | **77,020,995** | 35.6 | 2,244.8 |
| North America | 347,394,870 | 108,096,800 | **273,067,546** | 78.6 | 152.6 |
| Latin America | 597,283,165 | 18,068,919 | **235,819,740** | 39.5 | 1,205.1 |
| Oceania | 35,426,995 | 7,620,480 | **23,927,457** | 67.5 | 214.0 |
| **World Total** | **6,930,055,154** | **360,985,492** | **2,267,233,742** | **32.7** | **528.1** |

330 Miniwatts Marketing Group, *Internet World Stats: Usage and Population Statistics*, http://www.internetworldstats.com/stats.htm.

**Табела 2**. Реализирани договори за трансфер на оружје со светот, од земјите снабдувачи, 2003-2010 (во милиони U.S.$).[331]

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | TOTAL 2003-2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| United States | 17,437 | 14,640 | 14,311 | 16,975 | 25,511 | 37,998 | 22,637 | 21,255 | **170,765** |
| Russia | 6,347 | 9,701 | 10,227 | 16,352 | 10,997 | 6,830 | 12,805 | 7,800 | **81,059** |
| France | 3,418 | 3,431 | 6,705 | 8,450 | 2,242 | 3,622 | 8,232 | 1,300 | **37,399** |
| United Kingdom | 3,662 | 4,969 | 3,295 | 4,500 | 10,143 | 310 | 1,524 | 1,400 | **29,803** |
| China | 732 | 1,183 | 3,182 | 2,085 | 2,883 | 2,173 | 2,134 | 900 | **15,272** |
| Germany | 854 | 4,732 | 2,273 | 3,073 | 1,815 | 5,692 | 4,268 | 100 | **22,807** |
| Italy | 732 | 473 | 1,818 | 1,317 | 1,495 | 4,450 | 3,049 | 1,800 | **15,134** |
| All Other European | 2,807 | 6,388 | 8,636 | 6,146 | 7,047 | 5,485 | 7,215 | 3,300 | **47,025** |
| All Others | 2,319 | 3,904 | 2,159 | 3,951 | 2,776 | 2,691 | 3,354 | 2,500 | **23,653** |
| **TOTAL** | **38,308** | **49,420** | **52,607** | **62,849** | **64,909** | **69,251** | **65,218** | **40,355** | **442,918** |
| Dollar inflation index:(2010=1)ᵃ | 0.8193 | 0.8453 | 0.88 | 0.9112 | 0.9366 | 0.9663 | 0.984 | 1 | |

Како што е прикажано во табела 2, пет држави кои најмногу добиваат од продажбата на воена технологија се петте постојани членки на Советот за безбедност на Организацијата на обединетите нации, нивното учество е околу 80% од пријавениот (легалниот) извоз на воена технологија. Нивната позицијата во меѓународната заедница им овозможува да останат во чекор во трката за моќ и престиж на глобално ниво, а правото на вето често се користи за остварување на националните интереси и доминацијата во светот.

Софистицирана воена технологија која се произведува и продава, и дополнителната воена опрема (опрема за борба во посебни услови, технолошки воени наменски решенија, разни додатоци на оружје и друго), која постепено станува дел од основните верзии на конвенционалното оружје ја зголемува во континуитет цената на побарувачката.

Информатичката и информациона технологија донесоа повисок степен на технолошки развој. Суштината на активностите насочени против нелегалната трговија со воена технологија и луѓе вклучува зголемување на ефикасноста во откривањето, унапредувањето на техничката опрема и вештините на одговорните лица, размена на информации и соработка со регионалните и меѓународните партнери.

Субјектите во рамки на меѓународните организации треба активно да придонесуваат за зајакнување на развојот на меѓународните легитимни средства за контрола на трговијата со воена технологија и луѓе, и тоа покрај правните и дипломатските активности (контрола и лиценцирање), државите треба да создадат капацитети за откривање и заштита на несаканите појави кои се присутни или транзитираат низ нивната територија.

[331] U.S. Government, Based on Department of Defense

## Заклучок

Интересите претставуваат предизвик за развиените земји и тие секогаш се присутни во кризните региони и имаат влијание врз институциите кои имаат големи влијанија на пазарот за воена технологија кои прераснаа во битен елемент за економскиот развој на богатите и индустриски развиените земји, додека економските интереси ја наметнуваат желбата за развој и вложувања во воената технологија како суштинска и примарна цел. Во поново време наместо конфликти помеѓу државите, се почесто имаме граѓански војни во самите држави што може да се согледа од последните случувања во Арапскиот свет во текот на 2012 и 2013 година.

Зборовите како нестабилност, анксиозност, закана, дури и апокалипса уживаат голема популарност, и покрај јасниот факт дека жртвите на насилните конфликти во однос на глобалната популација се често далеку под просечната бројка во однос на периодот на Втората светска војна.[332]

Менувањето на типологијата на насилството, исто така може да има некакво влијание, зголемени кукавички убиства на голем број невини цивили од страна на фанатици или криминалци, додека денешните борбени средства се многу попрецизни и покрај честите извештаи за "колатерални" убиства.

Финансиската криза во 2008 година се претвори во потенцијална големата светска депресија. Прашање е дали ќе остане во рамките на економската сфера или ќе се прошири и на другите социјални аспекти, но сигурно ќе се одрази негативно на геополитичкото влијание каде може да се согледа меѓузависноста и кооперативниот пристап кон меѓународните односи како доминантна задача.[333] Фокусот е во распространетата перцепција на нестабилност што беше присутна пред 2008 година, со трендови на ширење во повеќе подрачја.

## Conclusion

Interests represent a challenge for developed countries and they are always present in the crisis regions and influence the institutions that have a great impact on the market for military technology that grew into an important element for the economic development of the rich and industrialized countries, while economic interests posed by the desire for development and investments in military technology as an essential and primary goal. Lately, rather than conflicts between

[332] Christopher J. Fettweis, *Dangerous Times? The International Politics of Great Power Peace*, Washington, Georgetown University Press, 2010.

[333] Gideon Rachman, for instance, says that the current “positive sum” game on the global chessboard is bound to be replaced by a “zero sum” one. See Gideon Rachman, *Zero-Sum World: Politics, Power and Prosperity After the Crash*, London, Atlantic Books, 2010.

states, often have civil wars within states as can be seen from recent developments in the Arab world during 2012 and 2013.

Words such as instability, anxiety, threat, even apocalypse enjoy great popularity, despite the plain fact that victims of violent conflicts in terms of the global population are often well below the average figure compared to the period of the Second World War.

Changing the typology of violence can also have some influence, increased cowardly murders of many innocent civilians by fanatics or criminals, while today's combat resources are very accurate despite frequent reports of "collateral" murders.

Financial crisis in 2008 has turned into a potential great world depression. Question is whether it will remain within the economic sphere or will be extended to other social aspects, but will certainly be adversely affected geopolitical influence where it can be seen interdependence and cooperative approach to international relations as the dominant task. The focus is in widespread perception of instability that was present before 2008, trends spread in several areas.

## Литература


1. Amnesty International, *Death Sentences and Executions in 2010*, 2011, http://www.amnesty.org.uk/uploads/documents/doc_21366.pdf
2. Center for Systemic Peace (CSP), *Global Conflict Trends. Measuring Systemic Peace*, 30 September 2011, http://www.systemicpeace.org/conflict.htm
3. Laurence Chandy and Geoffrey Gertz, "Poverty in Numbers: The Changing State of Global Poverty from 2005 to 2015", in *Global Views*, No. 18 (January 2011), http://www.brookings.edu/papers/2011/01_global_poverty_chandy.aspx
4. Paul Collier, *The Bottom Billion. Why the Poorest Countries are Failing and What Can Be Done About It*, Oxford, Oxford University Press, 2007
5. Christopher J. Fettweis, *Dangerous Times? The International Politics of Great Power Peace*, Washington, Georgetown University Press, 2010
6. Robert Kagan, *The World America Made*, New York, Alfred Knopf, 2012
7. Human Security Report Project, *Human Security Report 2009/2010. The Causes of Peace and the Shrinking Costs of War*, New York and Oxford, Oxford University Press, 2011
8. Miniwatts Marketing Group, *Internet World Stats: Usage and Population Statistics*, 13 March 2012, http://www.internetworldstats.com/stats.htm
9. Ian Morris, *Why the West Rules - For Now. The Patterns of History and What they Reveal about the Future*, New York, Ferrar, Straus and Giroux, 2010
10. Stephen Pinker, *The Better Angels of our Nature. Why violence has declined*, New York, Viking, 2011

11. Gideon Rachman, *Zero-Sum World: Politics, Power and Prosperity After the Crash*, London, Atlantic Books, 2010
12. Anup Shah, "World Military Spending", in *Globalissues.org*, 2 May 2011, http://www.globalissues.org/article/75/world-military-spending
13. World Bank, *World Development Report 2011: Conflict, Security and Development*, 2011, http://wdr2011.worldbank.org
14. Eriksson, M. & Wallensteen, P. (2004). Armed Conflict, 1989-2003. *Journal of Peace Research, 41*(5), 625-636.
15. Fearon, J.D. & Laitin, D.D. (2004). Neotrusteenship and the problem of weak states. *International security*, *28*(4), 5-43.
16. Grimmett, R.F. (2010). *Conventional Arms Transfers to Developing Nations, 2002-2009* (Congressional Research Service, 7-5700, R41403, September 10, 2010). Retrieved June 15, 2011, from http://www.fas.org/sgp/crs/weapons/R41403.pdf
17. International academy of Peace. (2000). *From Raction to Prevention:Opportunities for the United Nations System in the New Millennium* (Report of the Conference of international politics, 13-14 April 2000). New York, USA: International academy of Peace.
18. Lederach, J.P. (1995). *Building Peace: Sustainable Reconciliation in Divided Societies*. Washington, DC: United States Institute of Peace Press.
19. Perlo-Freeman, S., Olawale, I. & Solmirano, C. (2010). Military expenditure (chapter 5). In Stockholm International Peace Research Institute (SIPRI), *SIPRI 2010 Year Book: Armaments, Disarmament and International Security*. Stockholm, Sweden: SIPRI. Retrieved June 15, 2011, from http://www.sipri.org/yearbook/2010/files/SIPRIYB201005-AB.pdf
20. Roeber, J. (2005). *Parallel Markets: Corruption in the International Arms Trade*. Goodwin paper #3. London, UK: Campaign Against Arms Trade.
21. Shah, A. (2010). *World Military Spending*. Retrieved June 15, 2011, from http://www.globalissues.org/article/75/world-military-spending
22. Smith, J.W. (1994). *The World's Wasted Wealth II*. Cambria, California, USA: Institute for Economic Democracy.
23. Tshuy, T. (1997). *Ethnic Conflict and Religion: Challenge to the Churches*. Geneva, Switzerland: World Council of Churches.